КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

# НАГРАДИ
# за 2021 година

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

**НАГРАДИ 2021**

# НАГРАДА

именувана

проф. д-р АЛЕКСАНДАР - ЦАНЕ АНГЕЛОВ

се доделува на

## Горан ЈАКИМОВСКИ

**дипломиран градежен инженер**





## Горан Јакимовски

Горан Јакимовски е дипломиран градежен инженер од Градежен факултет, УКИМ, Скопје.
Од 2018 година е дел од школата за докторски студии на ИЗИИС, со пријавен докторски труд кој е во фаза на изработка.
Со професионален ангажаман започнува од 2008 год. во полето на проектирање, ревизија и изведба. За овие години работно искуство има проектирано, ревидирано и изведено повеќе од 400 објекти.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
НАГРАДИ 2021

# НАГРАДА

именувана

проф. БОРИС ЧИПАН

се доделува на

## Борислав ЈОСИФОВ

дипломиран инженер архитект





## Борислав Јосифов

Борислав ја започнува својата професионалната кариера во 1968 год. во Заводот за станбено и комунално стопанисување. Почнувајќи од 1969 год. вработен е во Заводот за урбанизам и станбено комунална техника, додека во периодот од 1983 год. до 1991 год. работи во Заводот за урбанизам на СРМ. Во периодот од 1991 год. до 2020 год. работи во Институтот за просторно планирање, урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА Скопје, со прекин во перидот од 1997 год. до 1999 год. кога е ангажиран во ЈП за просторни и урбанистички планови на РМ како директор.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

НАГРАДИ 2021

# НАГРАДА

именувана

проф. д-р СТАНИМИР ЈОВАНОВСКИ

се доделува на

## Наташа МОЈСОСКА

дипломиран инженер по електротехника





## Наташа Мојсоска,

Проф. д-р Наташа Мојсоска, денес работи како редовен професор на Техничкиот факултет во Битола и раководител на Електротехничкиот отсек. Мојсоска е ангажирана како експерт, стручен соработник и консултант во повеќе проектантски фирми, каде што врши проектирање, ревизија и надзор над градби. Има изработено преку 160 проекти, ревидент е на над 240 проекти, а како надзор се јавува кај 24 објекти.

Во своето 24 годишно работно искуство има објавено голем број на научни, стручни и истражувачки трудови во еминентни журнали и домашни списанија, презентирани на конференции, симпозиуми и советувања.

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

НАГРАДИ 2021

# НАГРАДА

именувана

проф. д-р ИЛИЈА ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ

се доделува на

## Мирослав ТОНОВСКИ

дипломиран машински инженер





## Мирослав Тоновски,

Мирослав Тоновски е машински инженер кој специјализира за технологии за 'чисти соби'. Мирослав е извршен директор на PPG CLEANROOMS, што е дел од CLESTRA GROUP и моментално живее и работи во Љубљана, Словенија. Учесник е на бројни меѓународни конференции во својство на предавач и едукатор во полето на неговата експертиза.